РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
Бр. 09-9608/1
15-06-2015 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 21, став (1), алинеја 3 од Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/14), Советот на НИПП донесува

# РЕШЕНИЕ

за назначување претседател и членови на работната група за технолошки прашања (стандарди, метаподатоци, услуги и друго)

1. Се формира работна група за технолошки прашања (стандарди, метаподатоци, услуги и друго), во состав од:

- Оливера Јакшиќ-Транталовска од Град Скопје, претседател;
- Љупчо Чадиноски од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, член;
- Часле Тошевски од Министерството за животна средина и просторно планирање, член;
- Никола Гаџовски од Агенцијата за просторно планирање на РМ, член;
- Игорче Карафиловски од Центарот за управување со кризи, член.

2. Се задолжува работната група да изготви:

- предлог-подзаконски акт за стандарди на метаподатоци;
- предлог-подзаконски акт за спецификации и протоколи за размена на просторни податоци; и
- предлог-подзаконски акт за мрежни услуги.

3. Работната група предлог-подзаконските акти од точка 2, да ги изготви и да ги достави на мислење до Советот на НИПП до 31 декември 2015 година.

4. За секретар на работната група, од точка 1 на ова решение, кој ќе ги врши работите сврзани со административно-техничката поддршка на групата, се назначува лицето Зана Саити од Агенцијата за катастар на недвижности.

5. Покрај задачите од точка 2, работната група треба да ја поддржува имплементацијата на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до:
- именуваните;
- Агенција за катастар на недвижности - Единица за административно-техничка поддршка на НИПП;
- архива.

Претседател на Советот на НИПП

м-р Владимир Пешевски